П Р О Г Р А М А

2026

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за планирање и уредување на просторот

ПРЕСТАВНИЦИ: Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот

ПОВЕРЕНИЦИ: Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот

П Р Е Д Л О Г П Р О Г Р А М А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

август 2026 година

Скопје

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Република Македонија број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија број 275/19, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26), член 10 став 1 точка 1 од Законот за Градот Скопје (Службен весник на Република Македонија број 55/04 и 158/11), и член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25 и 134/26), а во врска со член 59 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 269/25, 51/26 и 134/26) и член 20 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21 и 41/26), Советот на Град Скопје на _____ седница одржана на _____ 2026 година, донесе:

ПРОГРАМА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за планирање и уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2026 година (“Службен Гласник на Град Скопје” бр. 14/25, 3/26 и 6/26), Главата II: Финансирање на програмата, се менува и гласи:

1. Уредување на градежното земјиште за 2026 година, се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Град Скопје за 2026 година и ги опфаќа работите предвидени со подпрограмите **ФАА**, **Ф2О, ЈАА**, **ЈДА и ЈЕА** како следува:

Програма и Ставки **Ред. бр.**	**Назив на проект – активност**	**План 2026**
ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ		
Сектор за планирање и уредување на просторот		**1.149.750.000**
ФАА-482,485	**Уредување на градежно земјиште (капитални расходи)**	**1.250.000**
1	Изградба на улици по склучени договори за надоместок за уредување на гр.земјиште	
2	Основачки капитал за ЈП за планирање	
3	Проекти за изградба на комунална инфраструктура	
4	Изградба на комунална инфраструктура	
5	Изградба на главни доводни системи за водоснабдување	
6	Изградба на главни одводни системи	
Ф2О-425	**Уредување на градежно земјиште**	**15.000.000**
7	Геодетски услуги	
8	Физибилити студии	
9	Проценители за експропријација (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2024)	
Ф2-464	**Разни трансфери**	
10	Археолошки истражувања за изработка на проектна документација	

ЈАА-482	**Јавно осветлување (капитални расходи)**	**63.000.000**
11	Реализација на паметно осветлување и платформа за дигитален град и оддржување (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2021)	
12	Осветлување на Кеј на река Вардар	
ЈДА-482	**Изградба и реконструкција на улици и патишта**	**900.500.000**
13	Изработка на проектни документации за сообраќајници и јавни површини	
14	Ревизија на проекти, контролни испитувања и консултантски услуги (согласно спроведена јавна набавка)	
15	Изградба на клучка на бул.Словенија - вкрстување со бул.Никола Карев (договор за јавна набавка)	
16	Реконструкција на улици - летно	
17	Меѓуопштинска соработка - Изградба, реконструкција и одржување на сообраќајници	
18	Изградба и реконструкција на бул.„АСНОМ“ (фазна реализација)	
19	Реконструкција, одржување на мостови (конструкција, коловоз, тротоари, огради, дилатациони фуги и осветлување)	
20	Изградба и реконструкција на ул. „Февруарски поход“, ул. „Мацари“ со мост на река Вардар и раскрсница со ул. „Индустриска 1“ и раскрсница со ул. „АСНОМ“	
21	Надзор над изградбата, реконструкцијата и одржувањето (договор за јавна набавка)	
22	Изградба, реконструкција и одржување на мали плоштади, скверови, дрвореди, зелени површини,уредување на површини околу објекти од култура	
23	Изградба на бул.„Љубљанска“ (фазна реализација) (договор за јавна набавка)	
24	Изградба, реконструкција и одржување на ул.Борис Трајковски од крстосница во нас. Пинтија до кружен тек пред мост на Маркова река, Фаза 2. (договор за јавна набавка)	
25	Изградба на раскрсница ул.„Скупи“ и бул. „8 – ми Септември“, раскрсница бул. „8 – ми Септември“ и бул. „Никола Карев“, бул.„Никола Карев“ и ул.„Словенечка“ (Момин Поток) (договор за јавна набавка)	
26	Изградба, реконструкција и одржување на бул.„Цветан Димов“	
27	Изградба на ул.„Македонско Косовска Бригада“, фазна реализација, од П100 до П188	
28	Изградба на кружен тек на крстосница на ул.„Ѓорче Петров“ со бул.„Македонска Војска“	
29	Изградба на бул. „Македонија“ фаза 2 и 4	
30	Реконструкција и проширување на бул.„Хасан Приштина“, од клучка со бул.„Словенија“ до Обиколница (постапка за јавна набавка)	
31	Изградба и реконструкција на Бул.„Македонија“ 1 фаза (договор за јавна набавка)	
32	Изградба и реконструкција на ул.„Фрањо Клуз“ од бул.„Јане Сандански“ до бул.„Трета Македонска Бригада“ (фазна реализација)	
33	Реконструкција на ул.Перо Наков - Фаза 2	
34	Реконструкција на ул. 101 во Општина Ѓорче Петров	
35	Реконструкција на ул. Бутелска и ул. Радишанска во Општина Бутел	
36	Реконструкција на локален пат Долна Матка со уредување на паркинг простор	

37	Надзор за потребите на Бас Рапид Транзит (БРТ)	
38	Изградба на ул.Индустриска 1 (фазна реализација)	
39	Изградба на мост во Сарај	
ЈДА-485	**Изградба и реконструкција на улици и патишта**	
40	Експропријација на земјиште и објекти за изградба на улици	**130.000.000**
ЈЕА-481	**Изградба на простор за паркирање**	**40.000.000**
41	Монтажни катни гаражи	

2. Изградба и одржување на капитални објекти се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Град Скопје за 2026 година и ги опфаќа работите предвидени со подпрограмите **Е0, Ј0, Ј3, Ј6, ГА** и **ЛА** како следува:

Програма и Ставки **Ред. бр.**	**Назив на проект – активност**	**План 2026**
Сектор за планирање и уредување на просторот		**271.000.000**
Е0 – 421	**Општинска администрација (капитални расходи)**	**19.000.000**
1	Градска администрација – електрична енергија	
Ј0-426	**Јавно осветлување**	**4.500.000**
2	Нова Година 2026	
Ј3 – 421	**Јавно осветлување**	**95.000.000**
3	Јавно осветлување – електрична енергија	
Ј3 – 424	**Јавно осветлување**	**17.500.000**
4	Одржување на јавно осветлување и други објекти	
5	Изведба на времени електрични приклучоци за манифестации	
Ј6 - 461	**Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**	**23.000.000**
6	Субвенции за Улици и патишта (битумен, нафта...)	
7	Улици и патишта потешкотии во работењето	
ГА – 480	**Локален економски развој – Изградба на објекти**	**91.000.000**
8	Набавка на реквизити за забавен парк и монтирање	
9	Купување на друга опрема за објекти	
ГА – 481	**Локален економски развој – Изградба на објекти**	**20.000.000**
10	Реконструкција на објекти	
11	Доградба на капацитети на Ј.П. Лајка	
ЛА – 482	**Капитални расходи за спорт и рекреација**	**1.000.000**
12	Изработка на проектна документација и изведба на патеки, велопатеки, јавни површини со тартан,штампан бетон и др. Основен проект, изведба, изработка и поставување на отворени зони на кејот на реката Вардар со справи и реквизити OPEN GYM, вежбални на отворено за бодибилдинг, кревање товар, фитнес и боречки вештини. Изградба на ролерско велосипедска и пешачка патека на кеј на Вардар	

3. Изработка на урбанистички планови се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Град Скопје за 2026 година и ги опфаќа работите предвидени со подпрограмите **Ф1** како следува:

Програма и Ставки / **Ред. бр.**	**Назив на проект – активност**	**План 2026**
Сектор за планирање и уредување на просторот		**15.000.000**
Ф1 – 425	**Урбанистичко планирање**	**15.000.000**
1	Изработка на просторни и урбанистички планови, елаборати, документации, стручни комисии, измена и дополна на ГУП	

Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на Град Скопје”.

Број _____
_____2026 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Проф. д-р. Даме Димитровски
_____

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на Предлог Програмата за изменување и дополнување на Програмата за планирање и уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2026 година е член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Република Македонија број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија број 275/19, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26), член 10 став 1 точка 1 од Законот за Градот Скопје (Службен весник на Република Македонија број 55/04 и 158/11), и член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25 и 134/26), а во врска со член 59 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 269/25, 51/26 и 134/26) и член 20 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21 и 41/26).

Изменувањето и дополнувањето на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 14/25, 3/26 и 6/26) е потребно и се однесува на измена на износите на приходите и расходите на одредени ставки наведени во предложените измени и дополнувања. Намалувањето, односно зголемувањето на расходите претставува усогласување со реалните потреби и очекуваните трошоци, врз основа на досега прибраните средства, склучените договори и извршените процени за потребните финансиски средства за реализација на предвидените активности во текот на 2026 година, како и усогласување со Измените и дополнувањата на Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Во рамките на предложените измени се додава ставка „Изградба на мост во Сарај“, поради потребата од обезбедување средства за изградбата на нов мост на реката Вардар во подрачјето на Сарај кој ќе претставува значаен инфраструктурен проект од јавен интерес, со цел подобрување на сообраќајната поврзаност, зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот и создавање услови за поефикасно одвивање на сообраќајот во западниот дел на Град Скопје.

Со реализацијата на проектот се очекува да се постигнат повеќекратни позитивни ефекти, пред сè во делот на подобрување на мобилноста, намалување на застојот, подобрување на сообраќајната безбедност и зголемување на функционалноста на целокупната патна мрежа во западниот дел на Град Скопје.

Дополнително, изградбата на мостот ќе создаде услови за подобро интегрирање на локалните сообраќајни правци во градската сообраќајна мрежа и ќе придонесе кон рамномерен развој на инфраструктурата во различните делови на градот.

Наведените измени се однесуваат на:

Глава II. Финансирање на програмата

1. Уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје

1.1 Во програма ЈДА-482: **Изградба и реконструкција на улици и патишта**:

- се додава нов реден број 39 со назив „Изградба на мост во Сарај“;

2. Изградба и одржување на капитални објекти

2.1 Во точка 2 табела 2 во поднаслов **Сектор за планирање и уредување на просторот**: износот „306.000.000 “ се заменува со износот „271.000.000“.

2.2 Во програма ГА-480: **Локален економски развој – Изградба на објекти**: износот „126.000.000“ се заменува со износот „91.000.000“;

Изменувањето и дополнувањето на Програмата е од големо значење за работата на Градот Скопје во тековната 2026 година, како во делот на прибирањето на средствата, така и во реализација на предвидените активности.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за изменување и дополнување на Програмата за планирање и уредување на градежното земјиште на подрачјето на град Скопје за 2026 година.

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски